**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

- Внимавај и грижи се за училишниот инвентар!
- Води сметка за хигиената во училницата и училиштето,како и за своја лична хигиена!
- Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе во училницата!
- Слушај внимателно на часовите и навреме целосно извршувај ги училишните обврски!
- Придонеси за одржувањето на работната атмосфера!
- Носи редовно училишен прибор,учебници и тетратки!
- Не го прекинувај наставникот кога зборува!
- Не излегувај самоволно и без вистинска причина на часот!
- Не џвакај гуми за џвакање на час и истите немој да ги лепиш на клупите и столчињата!
- Не излегувај во тоалет за време на часот!
- Покажи почитување и толеранција кон другарите и наставниците!
- Не ги потценувај способностите на своите соученици!
- Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другите!
- Почитувај ги различните од тебе!
- Помагај им на помалку успешните ученици!
- Биди самокритичен, па потоа критикувај!
- Искажи го своето мислење и брани го својот став со одбрани и пристојни зборови!
- Биди прв кој ќе го промени некоректното однесување кон тебе,но тоа направи го на вистински начин-**пристојно**!
- Користи молам,благодарам,повели,извини во  комуникација!
- Однесувај се учтиво во секоја прилика затоа што учтивоста е особина која ја краси твојата личност!
- Почитувај ги правилата за кои сте се договориле со наставникот!
- Информирај го родителот(старателот)за случувањата во училиштето по барање на наставникот!